Број: 0302-247
06.09.2022 година
Велес

До
Сектор / одделение за финансии,
сметководство / ревизија

Предмет: Покана за работилница

Почитувани,

Менаџирањето со јавните средства е комплексен процес кој опфаќа широк спектар на активности и области, со голем број предизвици. Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – Велес, следејќи ги потребите и барањата за обука, новините во законската регулатива, а во насока на зголемување на нивото на знаења и професионални вештини, како и размена на информации, организира работилница на тема:

**„Актуелни теми од областа на менаџирањето на јавните средства, ангажирањето на лица со договори на дело, исплата на надоместоци, набавка на опрема со примена на постапка за наеми, признавање на приходи кај јавните претпријатија и кај буџетските корисници"**

која ќе се одржи во периодот од 15 до 17 септември 2022 година, а ќе започне во 11.00 часот на 15 септември 2022 година во хотел „Дрим" – Струга.

Работилницата е наменета за вработените во одделите за финансии, сметководство, внатрешна ревизија од Единиците на локалната самоуправа, Буџетски корисници, единки корисници, Јавните здравствени установи, Јавните установи, Јавни претпријатија / Јавно комунални претпријатија, Акционерски друштва, други правни субјекти и заинтересирани лица, како и невладините организации.

Организирањето на работилницата претставува континуитет и продолжување на повеќе од дводецениската практика и традиција за подготовка на високо стручни материјали, одржување работилници и обезбедување поддршка во областите детално наведени во агендата.

Темите за работилницата се внимателно избрани и тие ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање, а учесниците на работилницата ќе имаат можност да разменат информации, искуства и добри практики за следните области:

- Договор за дело и авторски договори;
- Ангажирање на лица со договор за волонтери;
- Остварување на право на надомест на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест или повреда;
- Капитални добивки од продажба на движен и недвижен имот;
- Исплата на одделни надоместоци кај буџетските корисници и единиците на локалната самоуправа;
- Набавка на опрема со примена на постапка за наеми;
- Даночен третман на кусоци и отпис на побарувања од физички лица;
- Корегирање на сметководствени грешки кај двата сметководствена система;
- Примена на сметките за активни и пасивни временски разграничувања кај двата сметководствена система;
- Сметководствено евидентирање на дадени аванси за набавка на средства за работа;
- Признавање на приходи кај јавните претпријатија и кај буџетските корисници;

Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@t.mk веб страна https://zfr.org.mk/
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје; Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје Даночен број МК 4004997107233

Обезбедениот квалитетен експерт-практичар, **Бранислав Гулев**, со своето долгогодишно искуство во областа на финансиското работење во јавниот сектор, ревизијата, меѓународните сметководствени стадарди, менаџирањето со јавните средства, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање / дискусија на работилницата и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата и сет на материјали.

Надоместокот за учество на работилницата и за работните материјали, по учесник изнесува само **6.000 денари со вклучен ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје
Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје
Даночен број МК 4004997107233

За повеќе учесници од иста институција одобруваме 10% попуст на вкупниот износ.

**Пријавување на учество за работилница:** Поради очекуваниот интерес за работилницата, а во функција на нејзиното добро организирање, Ве молиме да го пријавите Вашето учество во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail zfrlsjpv@t.mk. Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401 или преку e-mail zfrlsjpv@t.mk.

**Транспортните трошоци и сместувањето во хотелот се на товар на учесниците.**

**Резервација за сместување: Ве молиме да извршите Резервацијата за Вашиот престој во хотел „Дрим“ – Струга** и да ги регулирате сите меѓусебни права и обврски со хотелот, за што можете да контактирате со вработените во хотел **„Дрим“ – Струга,** на телефонскиот број 070/347-269 или на e-mail: sales@drim.com.mk

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски